Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Министерство за транспорт и врски, на ден 07.06.2019 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ ДУПД за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти на КП 38/1, КО Миравци вон град, општина Гевгелија, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ ДУПД за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти на КП 38/1, КО Миравци вон град, општина Гевгелија се определуваат следните: општина Гевгелија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЕВН и др.

3. За планскиот документ ДУПД за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти на КП 38/1, КО Миравци вон град, општина Гевгелија, за чија изработка е одговорно ИН-ПУМА Скопје, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ ДУПД за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти на КП 38/1, КО Миравци вон град, општина Гевгелија ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад, влијание врз амбиентниот воздух и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 24-5153/1
Место: Скопје

Министер
Горан Сугарески

Scanned by CamScanner